Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Виртус Елиас Дооел - Скопје,** за кастрење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило ( јавно зеленило) на 9 (девет) дрва (5 липи, 3 софори и јавор ) што се наоѓаат **на ул. "Бетовенова" бр.8/1 – Скопје.**
2.Кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило"

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**Виртус Елиас Дооел, ул. "Брадфордска" бр.2, поднесе барање** до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/881** од **05.12.2024** година, за кастрење на дрвата што се наоѓаат **на ул. "Бетовенова" бр.8/1 – Скопје.**
Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека дрвата предмет на барањето имаат крошни кои се широкоразгранети со суви гранки кои удираат во фасадата и прозорците од зградата.

Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека зеленилото е во состојба дека треба да се искастри, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/881/2**
**03.01.2025** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот
-ЈП "Паркови и зеленило"
-Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**

______________________

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**

______________________

Помошник Раководител на Сектор
**Петар Гичаровски**

______________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT - SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT